СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-3588/18
06.06.2023 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 28-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес. На истата седница присуствуваат 17 советници, двајца советници се имаат приклучено онлајн.

Констатирам дека има кворум за работаи Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

За денешната седница доставен е и Записникот од 27-тата седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 18.05.2023 година;

Дали има забелешки по Записникот од 27-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 27-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.Тони. Диме. За.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред и тоа

1. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2023 година;
2. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година (ГРК);
3. Предлог-Одлука за ослободувањеод надомест за уредување на градежно земјиште;
4. Предлог-Одлука за ослободување од надоместокза користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност за времетраење на градежни дејствија;
5. Предлог-Одлуказа донесување на план за парцелација со Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 12.1.18 од ДУП за дел од УЕ 12, дел од блок 12.1, ДИСАНСКА, КО Кавадарци град, општина Кавадарци ( одлука бр. 08-7742/26 од 22.12.2022), со намена А3 - групно домување, на КП 12497/100, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци;
6. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВ.П.33 /23;
7. Предлог-Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2023 година;
8. Годишен План за вработување на Општина Кавадарци за 2024година;

9. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година (Венус);
10. Програма за изменување и дополнување на Програмата на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш -Кавадарци - ДООЕЛ Градска Винотека, донесена од Управен одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш –Кавадарци;
11. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлука за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци;
12. Измена на Програма за работа за 2023 година на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
13. Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на единечна цена на билет за општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
14. Одлука за давање согласност на Одлука за примање донација на ПМВ од Општина Росоман, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за примање на донација – детски реквизити одДруштво за управување со пакување и отпад од пакување "ПАКОМАК" ДОО Скопје;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Тони. Диме. За.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот дневен ред да се надополнисо точка 15

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за доделување на парична награда за ученици и ментори од основни и средни општински училишта во Општина кавадарци за посебни постигнувања на државни и меѓународни натпревари;

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на дневен ред .Кој е за. Диме. Тони. За.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот дневен ред да се надополни со точка 16.

Почитувани советници дали имате други предлози за измена и дополнување на досегашниот вака изменет дневен ред. Повели советниче. Советнички прашања. Предлогот на советнички прашања го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно .Дали има други промени

на вака изменетиот дневен ред. Нема. Комплетно дневниот ред го ставам на гласање. Кој е за. Тони. Диме. За.

Со тоа почитувани советници пристапуваме кон реализација на денешниот Дневен ред.

1. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. Тони. За.

2. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година (ГРК);

Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставм на гласање. Кој е за. Диме. Тони. За.

Почитувани советници предлагам пауза од 5 минути да го повикаме раководството и ракометарите од ГРК Тиквеш за направиме доделување на плакети на овој свечен настан на нивното излегување во европските купови. Така да нека повелат, нека влезат. П

Како Претседател на Советот на Општина Кавадарци во име на сите советници, посебна чест, привилегија и задоволство, верувам на сите нас ни е што нашиот РГК ова година постигна импозантни резултати во Супер Лигата, ја обезбеди целта. Тоа е учество во Европските купови. Се надевам со многу работа, малце и Господова среќа, ќе имаме достојна презентација на нашата Општина Кавадарци во Европа. Би ми претставувало задоволство на говорницата да го повикам Претседателот на Управниот Одбор на ГРК г-динот Зоран Јосифовски да ни се обрати како советници и да ни го каже неговото мислењеи гледиште за Европа. Повели.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР НА ГРК ЗОРАН ЈОСИФОВСКИ: Почитуван Градоначалник на Општина Кавадарци, почитуван Претседавач на Советот, почитувани советници исклучително задоволство ми е што сме денес повикани на Седница на Совет на Општина Кавадарци за една ваква убава прилика, каде што добиваме, јас тоа го разбирам како едно признание од градот за она што во изминатите 8,9 години го работевме како проект за повторно заживување на ракометот во Кавадарци кој е спорт со исклучителна традиција, мислам дека малку од нас знаат дека Кавадарци е еден од првите ракометни центри во Македонија каде ракомет клубски се игра уште од 1952 година. Сите овие 9 години се трудевме од година во година да бидиме подобри и оваа година го остваривме успехот кој што некако срамежливо го најавувавме на почетокот на оваа натпреварувачка сезона. Тоа е пласман во Еврокупот што ни дава причина на задоволство, но во исто време ни создава една огромна обврска и одговорност да продолжиме по овој

пат, да достојно настапуваме во Европа, но што е уште поважно да создадеме услови овој клуб да функционира нормално во еден подолг временски период, да имаме еден континиутет во резултатите во работењето и да одиме кон тоа што повеќе млади луѓе опфатиме со клубот и да имаме и наша ракометна база, од која што ќе црпиме играчи за првиот тим. Би сакал да искажам една огромна благодарност до Градоначалникот и до Советот на Општина Кавадарци, без чија помош и огромна подршка овој успех ќе беше невозможен и би апелирал од оваа говорница, не само Општината, туку и целиот наш бизнис сектор со кој може да се гордееме во Град Кавадарци да поактивно се вклучи во помагањето на РК Тиквеш 2014, се со цел да овие резултати ни поминат во навика. Ви благодарам многу.
Почитивани советници ми претставува задоволство да му дадам збор на Градоначалникот кој несебично се залагаше за промоција и подобрување на квалитетот на ракометот во Општина Кавадарци. Повели Градоначалник.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам Претседателе. Почитувани советници, почитувани членови на Управниот Одбор на ГРК, ракометари и други структури кои што управуваат со РК. Мене ми е чест и задоволство, да токму што сум Градоначалник на Општина Кавадарци и што успеавме во овие 5 изминати години да посветено, заедно со советниците, заедно со службите, заедно со сите чинители овозможиме да Кавадарци стане спортски град и да имаме во повеќе погледи добри успеси. Овој успех кој што го направи РГК Тиквеш 2014 натпреварувачки и токму затоа денеска сме и тука дел од оваа седница. Значи Советот на Општина Кавадарци секогаш едногласно, без разлика на политичките бои, заедно со Претседателот го подржувале и подржуваат спорт на Општина Кавадарци. Општината знаете дека годишно одвојува над 20 000 000 денари за спорт во Општина Кавадарци без разлика дали е колективен или индивидуален, меѓутоа Општина Кавадарци е меѓу ретките општини, која што си зема за обврска да има удел управувачки во акционерскиот пакет во ГК –ови како што е и фудбалот и ракометот што е и обврска и благодет на Општината. Јас денеска сакам пред се прво да се заблагодарам на советниците, затоа што еве екстра се одвоија милион денара за награда на целиот клуб, кој што го постигна овој резултат, со едногласна подршка, а во мое име и во име на советниците би сакал да дадам една голема, голема подршка и на Претседателот на ГК, меѓутоа и на сите кои што учествуваат и во Управниот Одбор, меѓутоа најмногу на

оние кои што најмногу ја имат заслугата, а тоа се спортистите, ракометарите кои што несебично дадоа се од себе, заедно со нивниот тренер и другите тренери, да успеат да ги постигнат резултативе, ги гледавме повеќе утакмици, посебно побитните утакмици каде што се види дека од душа, од љубов, од срце може да се постигне добар резултат и со многу повисоко рангиран клуб во делот на професионализмот. Како што кажа и г-динот Јосифовски дека ракометот постое и се игра од 52-ра година во Кавадарци, сега со ова овозможување на Еврокупот да се излезе и да се игра мислам дека не треба да се вратиме назад, треба да одиме чекор напред, нормално со залагање на целокупниот тим, меѓутоа и со помош на бизнис секторот и со помош на Општина Кавадарци уште еднаш можам од сесрце да ви честитам на резултатот, на машката игра и на оној момент каде што само еден гол не делеше од цела ситуација, мислам дека се даде се од себе да се постигне резултатот, кој што сакавме да го постигниме и нормално мојот совет е и понатаки кога ќе играете сите во напад и голман и играч и се, нема назад враќање. Благодарам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани присутни сега како што е редот Градоначалникот г-динот Митко Јанчев ќе ги додели благодарниците, како што е редот прво на Претседателот на Управниот Одбор г-динот Зоран Јосифовски. Повели Зоран.
Почитувани советници јас би сакал како Претседател на Совет со Градоначалникот да направиме една групна слика со нашите репрезенти во Еврокупот.
Почитувани советници ја продолжуваме денешната седница.
3. Предлог-Одлука за ослободувањеод надомест за уредување на градежно земјиште;

ГРАДОНАЧАЛНИК: Само за информација на јавноста и на советниците, значи станува збор за ослободување од надомест за комунално уредување на објект кој што ќе биде во склоп, ќе биде во содржина со Брзата помош. Тоа е парцела која што Општина Кавадарци пред 4 години урбанистички ја проектира, ја отпочна за Дом, односно за просторија, објект за деца со посебни потреби. Станува збор за деца со хендикеп, кои што сега ги згрижуваме во склоп на детската градинка централна и каде што воопшто немат услови за нивен понатамошен развој, рехабилитација и услови во делот на нивно внимание. Проектот Општина Кавадарци го изработи пред 3 години, го аплициравме во Министерството за труд и социјална политика. Урбанистичката документација е завршена, градежната дозвола веќе е издадена и со ова

ослободување од надоместот за плаќање на градежна дозвола, а со инвестиција на Министерството за труд и социјална политика треба да се отпочне и тендерирање за изградба на тој објект. Објектот ќе биде од големо значењ, посебно за оние за кои е и наменет, за дечињата со хендикеп и за дечињата со посебни потреби, затоа што ќе можеме од секое дете да го извлечиме максимумот, а и нормално секое дете биде соодветно третирано.Во Општина Кавадарци имаме бројка од 28 дечиња, кои што се згрижени со такви потреби и услови.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката 3 ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Тони. Диме. За.

4. Предлог-Одлука за ослободување од надоместокза користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност за времетраење на градежни дејствија;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Тони. Диме. За.

5. Предлог-Одлука за донесување на план за парцелација со Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 12.1.18 од ДУП за дел од УЕ 12, дел од блок 12.1, ДИСАНСКА, КО Кавадарци град, општина Кавадарци ( одлука бр. 08-7742/26 од 22.12.2022), со намена А3 - групно домување, на КП 12497/100, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Перо Николов повели.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, колеги советници, почитувани медиуми и граѓани на Општина Кавадарци. Со ова точка во ГУП и ДУП е обезбедено локација за колективно домување на највозрасните граѓани на Општина Кавадарци т.е. за пензионерите. По комплетната и целосна документација која што ќе се обезбеди и отпочне со изведба на Пензионерски дом, кој ќе биде изграден нели во соработка со МТСП. Со ова покажуваме дека водиме целосна грижа за сите граѓани и сите категории на Општина Кавадарци, вклучетелно и пензионерите.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Тони. Диме. За.

6. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВ.П.33 /23;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. 6 точка од денешниот дневен ред. Тони. Диме. За.

7. Предлог-Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор . 7-мата точка од денешниот дневен ред ја ставам на гласање. Кој е за. Тони. Диме. За.

8. Годишен План за вработување на Општина Кавадарци за 2024година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор.Повели Павле Маневски.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Го разгледав Годишниот План за вработување за оваа година на Општина Кавадарци и може да се види дека се предвидени 71 ново вработување и јасно е дека тие нема да се реализираат сите, но со ваквиот Годишен План се добива слобода да се вработуваат и на места кои се испразнети и оние кои се есенцијални, меѓутоа да се вработуваат и безпотребно нови вработени. Од каде ќе се финансираат овие нови вработени. Овие вработени мора да се финансираат од зголемување на давачките за локални услуги и комунални услуги и зголемени актуелни давачки за данок на имот. Граѓаните секојдневно се жалат за зголемен данок на имот и неаграрно земјиште, односно некои ниви во околината на Град Кавадарци, кои се водат Вон Град Кавадарци се проценуваат на огромна вредност, а истата не е реална. Со зголемените давачки по разни основи во Општина Кавадарци се овозможува финансирање на новите вработувања. Сметам дека треба да се внимава со новите вработувања, затоа што мора да се работи рационално со парите на граѓаните на О. Кавадарци.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: И покрај тоа што не е денес тема на дневен ред давачките, еве јас од лично искуство, само што не ги зедов, а другата седница ќе ги донесам моите две, ланската и овогодинешната давачка за Решението за данок за 2023 година. Кај мене данокот е намален, така да не треба да шпекулирате и да ширите лажни невистини кај граѓанството, дека лично кај мене, кај мајка ми што е во централното градско подрачје 500 денари е намален данокот, така да сакам да знаеме сите граѓани зошто се зголемени кај некои, може се зголемени во делот ако е сменета зоната.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Советничке. Повели процедурално Маневски.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Моето обраќање, односно мојата дискусија во делот на зголемување на данок беше јасен. На граѓани кои што имаат неаграрно земјиште во локација Вон Град Кавадарци имаат енормна сума на проценка и многу значително зголемување на тој данок. Не кажав јас пример за вас. Еве лично и моето решение не е зголемено, ама зборувам решенија стигат до нас, на што се однесуват.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани значи ако добро се сеќам, а се сеќам уште на самиот почеток на мандатот и ваш и мој дадов предлог да дадиме еден Меморандум да се потпишиме и да сите нови вработувања ги ставиме под мониторинг и да нема зголемување ни на едно вработување непотребно, освен по пензионирање, отварање на нови сектори и отворање на нови дејности во Општина Кавадарци. Од икс, икс причини на тоа не добив одговор, јас сум спремен да го потпишам утре истото. Е сега по однос на Планот за вработување, ова ми е 6-та година Градоначалник, 6-та година го носиме истиот План за вработување. Да предвидени се

нови 75 работни места, нема никогаш да ги изгубиме тие, затоа што тоа го имаме за флексибилност. Новите работни места не се само за вработување на нови лица во Општина Кавадарци, него и за да може некој да се унапреде и за да се врше таа ротација која што ја имаме. Значи тоа отсекогаш постоело и го имаме. Јас денеска на јавноста, а и еве на вас советниците ви гарантирам дека запишете си го бројот на вработени денеска, 108 стални вработени во Општина Кавадарци со сите сектори што ги имаме нови и Кол Центарот и Граѓанскиот Сектор и Комуналните Инспектори и сите други дополнувања и догодина во истото време, кога ќе го носиме Планот нема да биде поголем од 108, ниту за еден единствен човек, нема да се зголеме бројот на вработувања во Општината, нема потреба. Тоа мислам јасно е на сите, го гледаме, не е нешто да измислам јастопла вода или да ви кажам ни требат нови тројца вработувања. Не ни требаат, освен по основ на пензионирање или опразнување од работно место. Во моментот имаме здрави, живи3 родилки, двајца имаме на потешко боледување, повеќе од 3 месеци, двајца имаме на неплатен одмор. Така да активни луѓе во Општината имаме околу 99, со сите сектори кои што ги раководе Општина Кавадарци. Така да вкупниот број на вработени немој да ве загрижува, домаќински заедно ќе си сработиме работава, нема да пренатрупаме или да направиме нешто непродуктивно, а и за жал морам да ви потенцирам уште една работа, дека Општината не е атрактивна за работа. Општината не е атрактивна за работа и веќе инжинери, професионални луѓе кои што ни требат во Општина Кавадарци да ги вработиме во делот на градежни инжинери, во делот на архитекти, од делот на животна средина, ние ен можеме да најдиме кадар, заради тоа што во Општината платите се тие кои што се, а истите луѓе, за иста работа во приватна фирма или во други институции зимат многу поголеми плати. Така да не само што не е атрактивно, него ја немаме потребата, гледаме да го сочуваме кадарот кој што го имаме и бројот на вработени нема да биде зголемен, тоа лично го гарантирам, освен на нови сектори, што сега за сега немаме таква инструкција. Ако добиеме плус централизација или други работи и по однос на опразнување со добро размислување дали ни треба вработен. Во однос на данокот на имот кој што се наметна како тема, а не е дел од точката, ја само би сакал да дополнам дека решенијата за данок на имот не се зголемени во однос на претходните решенија, кои што ги имат добиено граѓаните. Точно е дека оваа година се опфати се што е во ГУП. Што значи тоа. Луѓе кај што имаат и земјоделско земјиште, а се во опфатот на ГУП, се опфатија со решение на данок на имот и проценка на земјиштето, како урбано земјиште, односно урбанизирано земјиште. Ги собираме сите приговори, ги собираме сите забелешки, знаеме точно за каде станува збор. Претежно станува збор за Бел Камен накај Жито Југ десно, Ваташа и накај Новата болница, наспроти Марена, накај Глишиќ. Да. Значи апсолутно знаеме точно за каде станува збор. Не станува збор не знам за колку решенија и пари, а и да се колку и да е, треба да го

решиме. Ние моравме да го претвориме во градежно неизградено земјиште, затоа што е во ГУП. Цената на проценката која што е ставена е ставена врз основа на минимална проценета цена во Општина Кавадарци. Таа цена ја плаќаме ние по основ на експропријација на земјиштето, меѓутоа затоа што нема таму ДУП сеуште донесено, ги собираме Секторот за финансии и Даночното одделение го работи тоа, на следниот Совет на 21-ви ќе бидат елаборирани сите, дали се 50 или 70 или 100 парцели кои што се опфатени такви и ќе бидат со некаков предлог дадени према вас, не можам јас лично, него према вас како Совет да биде данокот на имот оваа година замрзнат или ослободени по основ на она кое што го зборувате и вие. Не сме неми на таа работа, тоа ќе го завршиме, меѓутоа не можиме лично сами, затоа што знаете дека се што постое на имотен лист и се што е во ГУП мораме да изготвиме решение, а после Советот ќе донеси одлука дали е тоа активно, неактивно и како да биде понатаки направено. Така да и без да ни поднесат приговор сите луѓе, не мора да поднесат приговор, ние ги имаме податоците и базата, ќе ги извадиме сите и ќе направиме таква одлука, каква што вие и ние сите заедно ќе се договориме да ја донесиме и да бидат тие луѓе на некој начин ослободени или намалено решението, меѓутоа во иднина тие луѓе треба да ја гледаат перспективата дека тоа ќе биде градежно земјиште и секако таа цена еден ден ќе ја постигнат и ќе биде. Општина Кавадарци веќе, не знам дали е за жал, дали е за гордост. За мене е за гордост, по 20 евра м2 земјиште не продава никој во Општина Кавадарци. Приградско, по населби и во делот на руралните средини, ај поблиските села да речиме во Општина Кавадарци. Значи под 20, 25 евра немаме земјиште на пазар, така да јас мислам дека е тоа добро, а ова ќе го разговараме на следната седница ќе извади Секторот, односно одделението за даноци, комплетна анализа и по КП број не мора да ги именуваме по име, презиме, по КП број ќе ги извадиме, ќе донесиме заеднички заклучок.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги советници, Претседател на Совет, Градоначалник, граѓани, медиуми. Денеска го имаме Годишниот План за вработување за 2024 година. Градоначалникот спомна дека сакал да направе одреден монаториум на вработување, меѓутоа од одредени причини не бил направен. Значи не знам од кои причини, меѓутоа врз основа на она што го имаме како документ и она што можеме да го анализираме како документ, а тоа е секако Годишниот План за вработување е дека таму се предвидуваат одреден број на вработувања, односно се се дава комоција да се вработува колку сака и кога сака, односно му се дава можност да си вработува кога сака и колку сака луѓе во Општина Кавадарци. Сигурно нема да бидат 75, бидејќи виќе и нема простор во Општината. Нема да ги ставите да седат тие луѓе, а и немате ни да кажам финансиски средства. Само за оваа година 78 000 000 изнесуват трошоците за плати на општинската администрација само зборувам. Од буџетот на Општина Кавадарци 30 000 000 се издвојуват за времени вработувања. Значи некаде околу 108 000 000 денари Општината издвојува за вработувања, за лица

кои што се више вработени за плати и за плаќање на привремени вработувања, што е еден сериозен да кажам износ. Ако направиме споредба на пр. до неколку години ќе видите дека тие износи се за двојно, за тројно пониски. Во изминативе 4, 5 години разговаравме и на пред некоја седница дека бројот на вработување е зголемен некаде 35, 36, до 40 нови вработени лица, така да сметам дека не треба да се остава комоција и треба да се утврде што точно ни е потребно како Општина да функционира нормално и токму тоа да се предвиде во рамките на Планот се со цел да не се остава простор заради некаквиси други влијанија, се вработуваат лица на терет на она што претставува буџет на Општина Кавадарци, давачки коишто плаќаат да кажам граѓаните на Општина Кавадарци. Тоа е во однос на тој дел. Во однос на она што претставува давачка, значи загриженоста и поврзаноста да кажам на оваа точка со јавните давачки е евидентна, заради тоа што за да имате да исплатите плати на вработени во општинска администрација, треба да соберете пари да кажам од граѓаните на Општина Кавадарци. Така да сметам дека има поврзаност на овие две работи. Во делот на она што претставува данок на имот зборувавме неколку седници овде дека стапката за дворно место за данок на имот е намалена и дека даночните решенија, ако не ја донесевте таа одлука дека даночните решенија ќе беа значително, мислам ќе беа за одреден процент пониски во парична маса на граѓаните, а не само што немаме намалување, туку во одредени делови имаме и зголемување на она што претставува данок на имот. Покрај ова има уште две работи кои што едната ја спомна Павле, тоа е во делот на места кои што се влезени да кажам во урбанистичко планирање, меѓутоа нема ДУП и нема никаква инфраструктура, ние им ја цениме површината на тие места исто како да сме им го овозможиле да кажам тоа и таму е најголемо зголемувањето и отстапувањето на данокот на имот и добиваат луѓето данок на имот и по 200, по 300 евра, 250 евра, такви суми кои што се да кажам не во ред да им наплаќаме нешто што не е влезено во ДУП, кој што граѓаните не можат да си потерат процедура и тоа го зборувавме и на претходните седници на совети кога зборувавме во делот на евалуацијата на данок на имот кога беше точка на дневен ред, кога зборувавме тогаш и вие сами рековте дека тоа требало така да биде и на тие граѓани да им се наплаќа така заради тоа што истите добивале да кажам зголемена цена на нивното земјиште , а од друга страна ние не им нудиме никакви услуги, немат канализација, немаат патишта, немаат водовод , нема ДУП, не можат да градат, а им наплаќаме данок на имот. И прашање е кога граѓаните ќе ги добијат сите тие услови, кога ќе добијат Урбанистички План и кога сето тоа ќе можат да го споведат. Може ДУП за тија дел да не се донесе 5 години, 10 години, а ние на граѓаните да им ја наплаќаме да кажам таа давачка и сметам дека тоа треба да се корегира и добро е што има волја да кажам и од другата страна да истото се корегира. Така да поврзаноста во делот на јавните давачки сметам дека има врска со она што претставува Годишен План,

ради тоа што на крајот Годишниот План ви се преточи во буџетот на Општината, а како гледате имате постојано зголемување на финансиските средства за вработувања и имате зголемување на број на вработувања, така да јас не би верувал толку дека бројот на вработени би останал во иднина ист.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас нема да навлевам во длабоки дискусии, само површински ќе кажам две работи. Значи го вртиме муабетот како ни одговара, оклугло, на ќоше за да кажиме тоа што сакаме да кажиме. Напрајте анализа, извадите. Јасминка напрајте анализа, од 2017 до денеска и број на вработени и плати. Во просек платите од 2017-2023, 6 години, не заборавајте се 30% покачени. Само Владата ни наложи 2 пати по 10% да ги поткрениме плативе линеарно. Е нормално дека ќе се зголеме и буџетот за плати, кога Владата 2 пати ни наложи и на пожарникари и на административци и на сите линеарно по 2703 денари, по 2007 денари, како беше последното. Точно 2800 денари е последното покачување, линеарно по вработен. Е сега како бе луѓе. Ваму даваме инструкции, тука викаме се зголемила платава од 50 000 на 70 000. Па 6 години поминаа. И лебот беше 15 денара, сега е 30. Нормално дека ќе се зголеме. Времените вработувања се намалени, не значи дека ќе ги исцрпиме целокупно сите средства, затоа што добивме 18 решенија од МТСП, добро знаете, уште имаме 31 вработен во градинката кои што се преку Агенција за прекувремени вработувања, па затоа сите дечиња ни се примени. И не збориме ние тука за административци, не збориме за службеници, тука збориме за персонал, неговател, технички персонал и воспитувач во детска градинка. Тоа не е за мене административец. Второ по основ на пожарникари 27 пожарникари има Општина Кавадарци, а ни фалат средства од 9 100 000 денари годишно, што треба Министерството за одбрана како Блок дотации да ни ги префрли за да бидиме на 0 со плативе на пожарникарството. Во Дом на култура ни фалат 3 000 000 денари, нема на кој да се јавиш, тука барем во Министерството за одбрана има барем кој да те слушне, во Дом на култура, во Министерство нема кој да те слушне. Во Библиотеката 1 500 000 денари фалат по однос на блок дотации за основните плати на вработените во библиотеката. Во музејската дејност 2 500 000 денари се кратки од блок дотации, затоа што ги усогласувавме плативе, блок дотациите ни се зголемија, а таму нема од каде Општината, вие тоа го гласате вкупниот буџет каде што му даваме блок дотации на Дом на култура, на Музејот, на Библиотеката, пари за основни работи, плата. Никогаш јавните давачки не може да бидат плата. Ќе ти кажам и зошто. Јавните давачки на Општина Кавадарци, на сите граѓани по однос на данок на имот, на граѓанството, без бизнис секторот се 27 000 000 денара, комуналната изградба на Општина Кавадарци е повеќе од 260 000 000 денара, 10 % учествува данокот на имот по однос на комуналната изградба на Општина Кавадарци. Не се тие пари за плата, а може ние во купот да ги претураме како сакате, меѓутоа нема да бидиме безобразни да го лажиме народот. 270 000 000

имаме комунална изградба, 27 000 000 денара имаме пари од данок на имот, 10% или минијатурно по однос на ова. Не е точно дека не ги пратиме граѓаните во однос на канализација, инфраструктура и било што, утре нека изваде градежна дозвола во законски разумен рок добива и асфалт и улично и канализација и вода. Таму каде што нема урбанизација, а нема јавен интерес Општината нема легитимно право да биде иницијатор на урбанизацијата. Иницијатор на урбанизацијата може да биде единствено имателот или имателите на катастерските парцели, кои што котираат во таа урбанистичка зона. Општината може да биде инцијатор на промена или на нов ДУП само каде што има јавен интерес, како што беше случајот претходно што го гледавме за групното домување. Јавен интерес, тука имаме легитимно право да покрениме урбанизација, парцелизација или било што. Така да во тој дел да бидиме начисто, а дали ќе добијата луѓето за 5, 10, 15 или 20 години урбанизација, зависи од нив, затоа што тие прифатиле да бидат во генералниот План. Ние и сега имавме точка минатиот Совет кај што ќе правиме проширување на ГП, затоа што имаме потреба од ширење, имаме потреба од лесна индустрија Б, комерција , имаме Г2 каде што има дисконти,, индивидуалното домување, исто така парцелите се веќе ограничени и малтене не постојат во делот на Општина Кавадарци, луѓето сакат да прават куќи, така да во тој дел ќе си направиме проширување и секое проширување ќе го гледаме од две страни земјоделско земјиште и градежно неизградено земјиште и кога ние како Општина го купуваме и го плаќаме, проценителите го проценуваат по различни цени, земјоделското земјиште си има една цена, градежното неизградено земјиште си има друга цена, а делот на урбанизацијата, јас ги охрабрувам тие луѓе таму што имаат имот да покренат инцијатива, ќе си ја прифаниме инцијативата, нека се направе урбанизацијата и нема да згрешат, затоа што урбанизацијата е таа која што бара и има потреба од проширување на самиот град, така да по однос на бројките точни ви се дека има зголемување поголеми за плата, али во Општина Кавадарци во просек на секој вработен му е подигната платава со 30%, не заради моја лична желба, можеби и тоа е малку, претходно кажам дека е неатрактивна Општината за работа, али по однос на усогласување на плата и еве тоа е ваш проект Вуко кај што кажавте дека платава ќе се зголемува, 10, па 10, па 10% и сега тие се парите што ние мора да ги дадеме, не можеме да не му ги дадиме парите на вработените . Ние лично како Општина, лично јас како Градоначалник и ти како Совет сега да изгласаме зголемување на плата од 10% не можеме. Законот го носе Министерството, Владата го носе Законот, Министерството за финансии го носе, така да не подигаме плата ние, ние се усогласуваме врз основа на законските регулативи кои што треба да ги направиме. И друго да не заборавиме. Платава, еве мојата плата, без разлика што не ја зимам јас, ја давам донација на Фондацијата , од 57 000 денара мојта плата сега е 115 000 машала. Нето. Тоа се 600 000 годишно плус така. Без разлика јас не ги зимам, ама Општината ги праве како трошок тие,

ги дава во Фондација. Утре кој и да дојде Градоначалник таа е платата. 57 сега 115, уште еднаш ако ја одврзат на 200 отиде. Значи така да тие се парите кои што ги трошиме за плата и нема друг начин. Значи не може никој да направе пресметка на друг начин освен по закон. Бидите среќни, кога има пари, а не се од граѓанството , не е оптеретено граѓанството, 0,10 % е данокот на имот. Се што почнува за мене со 0 напред, а втората бројка нека е и 9-ка, еве економист си, не ме плаши, еве ни лично, ни бизнис, ни приватно, ни било како, 0 е напред, па точка. Во Германија е 7% данокот на имот од вредноста на имотот. Е тогаш што правиме, а сакаме во Европа да одиме. Ќе отидиме, ама да не си дојдиме пешки. Значи 0,10% данок на имот мислам дека Општината ја има земено најниската ставка за оданочување, имаме слобода да одиме до 0,30 ми се чине, а ние имаме земено најниската од 0,20 така. Значи најниската стапка на оданочување е 0,10 % и тоа е добро, додека можеме вака да издржиме, граѓаните нема да имат на терет и да му ставиме непотребни давачки. Еве после имате убави точки, превозот ќе го намалиме, иам позитивни моменти, денеска свечена седница треба да биде овоа, најмала работа. Замисли еве после 8 месеци зборење на Вуко ние сега цената ќе ја намалиме, а претпријатието постое 4 месеци. 17 февруар почна со работа и сега ние од Дреново и од Росоман, ако тие се наши браќа и од Бегниште ги возиме за 45 денара човек. Па не му се исплати кола да има.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Спомна Градоначалникот дека 2 пати по 10% имал обврска од страна на Владата да ги зголеме платите, меѓутоа на 2 пати x 10 %. 2017 31 000 000, 32 000 000 денара за плата, 2023 78, Привремени вработувања 3 000 000 2017, 2023 30 000 000 . Значи бројките се драматично различни, не можеме да се оправдаме со самото тоа да кажиме дека дел се должи на законското зголемување за плата заради тоа што 35 лица се вработени во последните 5 години, ако 2017 Градоначалникот ни зборуваше да кажам на граѓаните дека во Општина Кавадарци нема место кај да седнат вработените, вработил 35 нови. Со овој План му даваме комоција и можност да вработува нови да кажам вработени. Во однос на данокот на имот,мислам дека е преголем трошок и терет од страна на граѓаните, да прават сами ДУП-ви, бидејќи еден ДУП кошта околу 3 000 000 денари, исправите ме ако грешам, да го направе Проектанско Друштво кошта 3 000 000 денара и прашање е за колкав временски период самите би се собрале и организирале и би направиле ДУП, кај што би можеле после истите да градат на тие парцели, а во тој временски период Општината ќе му наплаќа исто како да имаат градежно земјиште, а не можат на истото да градат. Во однос на данокот на имот, не знам искрено да ви кажам Градоначалник колку е во Германија, јас знам дека во Германија и тоа да кажам е една моја лична заложба да даноците на имот се наплаќаат, односно стапките се утврдуваат врз основа на вредноста на имот, па оние граѓани кои што се поимотни и кои што имаат по неколку стана еве и кои што имаат

луксузни да кажам вили, хациенди да плаќаат драматично повисоки даночни стапки и така е фер и така треба да биде во една да кажам социјална држава, меѓутоа за тоа отом потом. И во однос на превозот, цената на билетите ја зборувавме од месец ноември, кога се гласаше. И минатата седница излегол советник од ваша советничка група и рековме направивме анализа.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи ова 3 пати го повтори, морам сега да го потенцирам. Викаш нема место кај да седат во Општината. После Советот со мене заедно, од канцеларија во канцеларија. Кај нема место, кој е вишок, надвор. Еве те повикувам после. А ако нема место кој каде да седе во Општината сега онлајн оде седницата сега, ги повикувам вработените да дојдат тука и да кажат дали нема место тука да седе и дали некој седе и не ги извршува своите дадени дневни, неделни и месечни обврски. Значи тоа недопуштам така да биде. Значи после тоа заедно ќе отидиме по канцелариите, ќе видиме. И друго она што го спомна дека треба тие што имат да немат, а тие што немат и они да немат тоа е социјалдемократски. Не бива таа работа. Значи не бива. Ни Левица не го вика тоа, не ли гледаш колку се либерални они.Ти викаш вијаштo немат пак да немат, а није што немат пак да немат. Не бе Вуко, вие што имат нека имат, тие што немат да му дадиме.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Морам да кажам значи.Градоначалник јас само цитирав ваша изјава, а јас пак ќе ви ја покажам вашата изјава на 80 и неколку вработени, кај што викате се тркат сабајле да си фанат место за да има кај да седат. Тоа е една работа. Втора работа во делот на данок на имот, не спомнав јас тија што има, не тија што има да платат повеќе. Да си го платат луксузот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ја ставам точката на гласање. Значи јас ќе се држам стиктно на точката на денешниот дневен ред. Тоа е Годишен План за вработување во Општина Кавадарци. Јас искрено нема да влевам во политички дијалог и да дадам контра барање до опозиционата СДСМ за тоа колку имата они вработено во ХЕЦ Тиквеш, од кога сте на власт. Секогаш вработувањата ги носе и одговорноста Менаџерот на институцијата. Јас работата ја гледам малку поинаку. Дали вработените што се вработени во Општина Кавадарци или ете во ХЕЦ Тиквеш се достојни репрезенти за работата што ја работат, односно како јавен сервис граѓаните се задоволни од они тоа што го нудат, пред се бидејќи јавната институција е за народот, а не е за поединци, а одговорноста ја носе Градоначалникот и Директорот, сметам дека нема ниту Градоначалникот, ниту Директорот преголема желба сите да ги вработе, иако знаеме дека ние како партии и едната и другата досега во овие 30 години функциониравме како Бироа за вработување. За жал беше така, меѓутоа има една многу поголема работа е тоа што денеска Општината, па макар еве и ХЕЦ Тиквеш како централна власт не се интересни места за вработување. Зошто. Бидејќи денеска народот оде кон поголема заработка. Поголема заработка е во приватниот сектор. И на крај крајева не треба да се лутиме. Развојот во

една држава секогаш го носи приватниот сектор. Јавниот сектор треба да служи на народот. Приватниот сектор е тоа што го носе развојот напред. Јас некња кога седев со Вуко, беше тука и Министерката за одбрана, убаво кажаме со Градоначалникот имате и вие посета, имаме и ние посета. На нашите посети со граѓаните никогаш членството неопределените, луѓето сакат да сакат да слушнат и од вашите и од СДСМ и од ВМРО многу малце, туку речи никој не зборува за вработувања. Проблем беше личен на граѓаните, за уличка, за канализација, за пат, локален проблем. Значи вработувањата во Општина Кавадарци, на 2% невработеност и заинтересираност дека ти 74 работни места ќе ги потполне Митко Јанчев во 24-та година сметам дека во најмала рака е некоректно. Пред се заради тоа што вработувањата во Општината, еве нема, секој што е вработен, што има хидро, градежен инжинер, хидро за Водовод слободно нека се јаве во Комуналец.Никој не ни прашува за партиска боја, ни ништо. Општина Кавадарци како институција отворена за светот што сака да работе и кадри што се потребни, пред се, барем таа партизација на функционирање на вработување сметам дека е намалена на најниско ниво и што е побитно, никој не испушта од работа заради тоа што сакал Менаџерот или Градоначалникот и од едните зборувам и од времето на СДСМ и од времето на ВМРО, така да сметам како Општина треба да има позитивен пример на функционирање. Јас така сметам дека така треба да биде, а народот сам ќе си одлуче каде сака да работе, дали во јавен или приватен сектор, пред се врз основа на неговите примања. Тоа е тоа.

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Тони. Диме. За. 11 за. Кој е против. 5 против. Кој е воздржан. Двајца воздржани.

9. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година (Венус);

Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Диме. Тони. За.

10. Програма за изменување и дополнување на Програмата на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш -Кавадарци - ДООЕЛ Градска Винотека, донесена од Управен одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш –Кавадарци;

Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Тони. Диме. За. 13 за. Воздржани. 5.

11. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлука за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Тоа е 11-та точка од денешниот дневен ред. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена. Диме. Тони. За.

12. Измена на Програма за работа за 2023 година на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката 12 ја ставам на гласање. Кој е за. Тони. Диме. За. Кој е воздржан ве молам. 6.

13. Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на единечна цена на билет за општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател на Совет, колеги советници, служби во Општина Кавадарци, медиуми, почитувани сограѓани. ЈП Градски Превоз Кавадарци започна со работа во месец февруар и веќе има одлични резултати во своето работење. Учениците од основното и средното образование се возат со нови автобуси по најсовремени стандарди и исто така и останатите градски и приградски линии сообраќаат со нови автобуси по современи стандарди. Како резултат на домаќинското работење, со одлука на Управниот Одбор стартуваат нови цени на приградските линии и тоа билетите за приградските линии од 80 денари се намалуваат на 50 денари или со персонализирани картички како промотивно овие цени се 45 денари. Новата цена важи за сите приградски населби и села, што значи дека и селата, кои се одалечени по 20-тина км. Од градското подрачје ќе ги користат услугите по цена од 50, односно 45 денари. Ова претставува еден огромен благодет за жителите на Општина Кавадарци. Општина Кавадарци заедно со ЈП Градски Превоз Кавадарци, единствена Општина има утврдена единствена цена како за градските така и за приградските линии. По барање на жителите приградските линии до селата кои се наоѓаат во Поткожувјето, од две линии во неделата се зголемени линии неделно, додека пак другите приградски населени места зголемен е бројот од 3 на 6 линии дневно. ЈП наскоро започнува со една нова сообраќајна линија. Во соработка со Општина Росоман, вклучувајќи ги приградските села се воведува нова меѓуопштинска линија од Кавадарци до Росоман. Градскиот Превоз работи транспарентно, домаќински и единствено во интерес на граѓаните и како резултат на тоа, се воведуваат нови новитети, а притоа останува да работи со ист квалитет. Овие услуги се еден голем благодет за сите жители на Општина Кавадарци, а како што може да видиме и за соседните општини. Претпријатието ќе продолжи да работи домаќински и во иднина се надевам дека со уште поголем успех ќе се покажуваат уште поголеми резултати, а граѓаните ќе ги користат бенифициите од ова ЈП. Исто така за крај како наредна точка на дневен ред, а по однос на оваа точка сакам да искажам и благодарност до Општина Росоман за дадената донација, односно патничко моторно возило Цитроен, кој што е од големо значење и со ова се продлабочува меѓуопштинската соработка помеѓу Општина Кавадарци и Општина Росоман на ниво на претпријатие Градски Превоз Кавадарци.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колеги ова се нарекува после одреден со малце каснење да кажам конечно го прифанате она што го зборувавме во месец ноември. Во месец ноември имавме тука една дебата кај што утврдувавме цена на билет дневен, неделен, месечен, годишен и кај што дебатиравме и зборувавме дека Општина Кавадарци има еден од најскапите јавни превози во Македонија. Со ова корекција на цени јас ве охрабрувам и понатаму да продолжите да ги прифаќате оние работи, кои што ги зборуваме тука јавно на говорници и да стигниме до едно ниво да Општина Кавадарци има јавен превоз на ниво на оние градови, кои се слични да кажам по големина на Општина Кавадарци. И ова е добро што конечно се намалуват цените, барем за оние приградски места бидејќи од анализите кои што ги правиме ние како субјект, најголем дел од искористеноста на јавниот превоз токму го користат овие граѓани, односно граѓаните кои што живеат во приградските населби. Добро е што ако ништо друго им се доближува цената да биде горе доле иста со онаа која што се плаќа за градските да кажам линии. Ве охрабрувам и понатаму да одите со намалување и да имаме поевтин јавен градски превоз од Град Скопје, а не да имаме исти цени на Градски Превоз во делот на главниот да кажам град. Во однос на јавниот превоз треба Општината и ЈП да работи во наредниот период во делот на промоцијата и во делот на потикнувањето на јавниот превоз и уште на самиот старт зборував дека цената сигурно ќе биде еден од факторите во однос на искористеност од страна на граѓаните на јавниот превоз. Покрај цената веројатно ќе треба Општината и ЈП да поработи малце и во делот на промоција и на потикнување на граѓани на користење на Јавниот Градски Превоз, бидејќи гледаме дека градските линии се многу слабо искористувани од страна на граѓаните и во нареден период ЈП треба да се позанимава во тој дел, се со цел да имаме јавен градски превоз, кој што ќе биде користен од страна на граѓаните на Општина Кавадарци.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Колега значи прво ЈП отпочнато со работа од февруар месец 23-та година, а вие ми говорите за ноември месец 22-ра. Значи малце нема логика за тоа цените како биле и што биле. Друга работа да не заборавиме дека откога отпочна со работа ГП цената на нафтата беше 100 денара по литро, 110, 105. Значи во првиот момент кога цената на нафтата падна и картите и цената на билетите се намали. Значи ЈП тоа будно го следи и го гледа и никогаш нема да дозволе да ги оштетува граѓаните на Општина Кавадарци. Така да мислам дека не треба да шириме, не знам лажни информации во делот на тоа. И друга работа минатиот Совет имавме Извештај за работењето на ЈП. Значи секојдневно наши сограѓани од 700-1000 човека го користат јавниот превоз, од градските и приградските линии што сметам дека за 3, 4 неполни 3 месеца работење на ГП мислам дека тоа не е мала бројка за искористување на превозот. Така да мислам дека ЈП Градски Превоз е во добра насока и се движе во правилна насока и мислам

дека треба така да продолже и ќе продолже да работе домаќински, транспарентно се со цел за во интерес на граѓаните на Општина Кавадарци.
СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Да не се повторувам за истото, сакав да кажам во врска со анализите за искористеноста на Градскиот Превоз. Пошто Филип кажа нејќу да се повторувам јас.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Во интерес на граѓаните и на она што значи јавен превоз мораме да признаеме искрено дека сме нови во таа работа, ама буквално нови. Товарот кој што го превземав прво јас лично како Градоначалник и вие како советници што ја донесите одлуката, а и менаџерот на ЈП и вработените не е воопшто мала. Да организираш превоз, да бидиш точен, да работиш со луѓе, да имаш безбедност, да имаш квалитет е многу битна работа и тоа мора да го стандардизираме и да го одржаваме на ниво и ќе го одржаваме на ниво. Во делот дека заеднички треба да работиме за јавниот превоз, повеќе од неминовно, да не се надмудруваме дали сега заслугата е моја, твоја, на некој друг или било како не. Бенефитот го имат граѓаните и бенефитот ќе го имат граѓаните, без разлика на цело друго. Јас сакам едно да потенцирам и да кажам и да поразмислиме на темите, еве нека биде само како размислување. Како што нашите ученици добиваат бесплатен превоз затоа што се најмлади, уште се малолетни, задолжително е образованието и треба да учат и утре да не сменат и да ја водат оваа држава, ова Општина и да бидат наша гордост и затоа добиваат бесплатен превоз, како што им овозможивме и бесплатен оброк на учениците кои што се многу задоволни и од оброкот, јас би сакал да размислите, еве да не биде Митко поентирал, ВМРО поентирал и било кој СДСМ или Левица или независна листа, да на нашите пензионери им овозможиме од месец ноември да имаат бесплатен превоз и приградски и градски и селски средини. Зошто. Ако ме прашаш зошто , моето лично размислување е само заради тоа што тие се нашите луѓе кои што ни овозможиле денеска да бидиме тука, дадиле се од себе, работниот век го изработиле во Општина Кавадарци, кој во јавен сектор, кој во професионален, индивидуален сектор, кој во приватен и сега треба да го уживат благодетот кој што значе пензија и значи негов живот со неговото семејство и внуци. Како Општина да направиме анализа, еве ЈП нека направе анализа точна, што би значело тоа за нас, да пензионерите од месец ноември, зошто од месец ноември. За да претпријатието малку се консолидира и направе и второ полугодие и трето, а и месец ноември е поголем, обемот на вожњи, ради тоа што завршуваат летните одмори, завршуваат грозје брање и други работи, да речиме како земјоделски крај да направиме анализа, да ги ослободиме пензионерите од плаќање на билет во ЈП и да си бидат со слободна карта. Не го правиме тоа политички и мотивирано од никоја друга причина, него затоа што пак ќе ви кажам дека тие луѓе си го изработиле своето, го дале своето за јавниот сектор, го дале своето за Општината и сега ние на некој начин со таков гест им возвратиме за нешто да осетат во оваа Општина и од

оваа држава дека стварно се граѓани кои што се заслужни, односно си постигнале пензија, така да вториот проект кој што сакам да биде , пред да се размислува за намалување на картата и пред другото да се размисле дали можеме пензионерите и законски и легитимно со ЈП, коофинансирано од Општината ги ослободиме од плаќање на билет, дали е тоа дневен, месечен, дали е тоа селска средина, дали е тоа градски превоз, заради тоа што сами знаете дека пензионерите и претежно за викенди, а и поголем дел од пензионерите се враќаат по селата, дали е тоа Подкожувјето, дали се приградските села, со живеење на нивните огништа или на нивните потреби како пензионерски домови.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колега во делот на седницата значи Јавниот Градски Превоз почна во месец февруар, мешутоа седница за утврдување на цена на билети беше во ноември, не знам дали се сеќаваш и дали си ја следел таа седница, меѓутоа јас сум сигурен дека и ти гласаше за тие цени кои што беа понудени тогаш, а од друга страна ние дискутиравме и зборувавме дека тие цени се превисоки за граѓаните, и дека не е нормално да се плаќаат, да се наметнуваат, да кажам исти цени како што имаме на пр. во Град Скопје, а приградските дури и повисоки цени. Во делот на анализата од страна на, спомнате дека имате некојаси анализа , анализата ви е од реакцијата на граѓаните. Јас знам од каде ви е анализата. Од кога почнавте да одите во приградските места, знам кои се коментарите од страна на граѓаните и самите кажуваат дека превозот им е скап. Знам од каде е анализата. И во делот на искористеноста на Јавниот превоз по она што јас го гледам, по она што може да се види дека најслабо искористени се оние градските линии. Не ви го зборувам ова злонамерно, туку ви давам пак добронамерна сугестија дека треба да се работе на промоција и на приближување на граѓаните се со цел да истите подобро го користат. Во однос на ослободување на одредени категории Градоначалник ние сме секогаш отворени тука да предложиме, подржиме било какво ослободување, посебно за оние лица кои што имаат да кажам, пензионерите имаат најголема потреба од превоз да тоа му го овозможиме да биде бесплатно.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ : Во однос на промоцијата на самото ЈП, значи во декември месец на крајот кога почна беше првата линија јас и Градоначалникот токму во тој правец и реклама и потикнување на граѓанството за користење на јавен превоз, направивме една ротација низ градот која беше и проследена и од социјалните мрежи. Вооедно еден повик до вас советниците и како чинители кои се залагаат за ова ЈП да функционира подобро повелете следете го примерот, мојот и на Градоначалникот за сите заедно да направиме да биде успешна приказна, комплетно за сите. За потик на граѓанството. Моето гледиште е такво. Бидејќи можеме да зборуваме во однос на корекција на цена, на плус, минус, меѓутоа потикот бидејќи тоа е ЈП беше формирано на инцијатива на Градоначалникот и преку Советот на Општина Кавадарци, факт е дека и ние имаме одговорност околу промоцијата.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Само кратко во однос на ослободувањета за патниот превоз. Јас еднаш кажав тука, дајте да ја разгледаме можноста и за ослободување на сите ученици од прво до средно образование затоа што идиме во ситуација две другарчиња едните се ослободени. Мислам ослободување имат бесплатен билет, карта за до 2 км., мислам така беше . Седат едно до друго, комшии се, едниот добива, чекат на Автобуската постојка едното плаќа, другото не плаќа. Да размислиме и на тија дел, оти стварно се наоѓаат во незавидна ситуација.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Карта до колку години не се наплаќа во јавниот превоз. Возраст. На советникот му е многу конструктивно размислувањето и прашањето. Средношколците кои се над 2км. Добиваат бесплатен билет, меѓутоа нели во хотел одиш, до која година не плаќаш за дете така. Нашите услови во автобус дете до колку години е ослободено. Од карта воопшто. Дете дали воопшто е ослободено, под таа возраст не плаќа. До која возраст.Чекај ај јас ќе прашам советниче.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Тоа ми беше целта да се размислува и за тоа и од први септември да стартуваме со тија дел.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Е сега добивме информација од Управител. Значи деца до 10 години без разлика дали се од оваа општина или не се или се средношколци или било што се ослободени од плаќање. Може тоа да го зголемиме да биде до 17 години, до 15 не знам. Значи сега во Правилник е до 10 возрасни години.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: До 2 км Градоначалниче. А за средношколците ми беше.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не, не. Дете и од Неготино да дојде, дете со 9 години нема да му наплаќаме.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: А за средношколците мене ми беше.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи до 10 години не наплаќаме за никој.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Така. А тија од 10 до 18 години.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Тија што немаат карта над 2 км плаќаат. Што можеби и тоа не е во ред .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. Тони. За.

14. Одлука за давање согласност на Одлука за примање донација на ПМВ од Општина Росоман, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

15. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за примање на донација – детски реквизити одДруштво за управување со пакување и отпад од пакување "ПАКОМАК" ДОО Скопје;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Кој е за. Ве молам Тони. Диме. За. 17 за. Двајца воздржани.

16. Предлог- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за доделување на парична награда за ученици и ментори од основни и средни општински училишта во Општина Кавадарци за посебни постигнувања на државни и меѓународни натпревари;

Тука е извршено само промена на датумот. Наместо 10-ти јуни да биде 10 јули, бидејќи тогаш завршуваат самите натпревари, во глобала сите.
Кој е за оваа точка. Едногласно. Тони. Диме. За.
Бидејќи последното е советнички прашања сакам да ве поканам во името на Градоначалникот на Општина Кавадарци г-динот Митко Јанчев сите советници на свечена Академија по повод 80 Години од стрелањето на 12-те Ваташки Младинци. Тоа е на ден 15.06. со почеток во 19 часот во Домот на Културата Иван Мазов Климе. Вооедно уште една покана за ден 16.06. 23-та година со почеток во 10 часот на Споменикот на 12-те Ваташки Младинци во Месноста Моклиште, каде што ќе има положување на цвеќе, откривање на бистите на 12-те Ваташки Младинци, отварање на Спомен соба и културно-уметничка програма. Оваа покана и за 15-ти и за 16-ти ќе ја добиете лично од службите на Кабинетот на Градоначалникот на Општина Кавадарци. Чисто да знаеете за тие два термина, бидејќи ќе добиете и своја покана.
Процедурално нашиот советник Јован Златевски сака да даде друга своја покана.
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Здружението на граѓани Блашница благодарејќи на одобрената програма од Советот на Општина Кавадарци, како невладина организација има добиено помош и работи до петок ќе заврши со расчистување на Спомен плочата на Димката Ангелов Габерот, која што се наоѓа на Клинска Леса и во сабота на 10-ти јуни се навршуват 80 години од убиството на Димката Ангелот Габерот, Ило Виларов и Пано Мударов, кои што се загинати на тоа место. Имате покана сите кои што се во можност да бидите и тој дел да му се одаде почит на загинатиот и да се виде тој дел од нашиот крај и убавините на тој дел. Тиквешкот Езеро е на завидно ниво и може убав ден да си поминете.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Почитувани советници преминуваме кон советнички прашања.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Добарден Градоначалник. Се надевам дека сте многу добар денеска. Неколку пати ме спомнавте за време на седницата. Сакам да кажам една забелешка имам првен на тоа што ме спомнавте во врска со социјализмот Оној што нема пак да нема, оној кој што има пак да има.Како е .
ГРАДОНАЧАЛНИК: Тој што има да нема, а тој што нема пак да нема.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: А не е така. Нашата идеологија не му одговара само на тие како вас. На сите други му одговара, а на тие како вас не му одговара. Така е. Значи и во однос на тоа идеолошки се разликуваме и не сакам да се мешам во однос на тоа, особено не се

Вуко и со мене, бидејжи имаме слични ставови во однос на иделогија, партиски многу различни. Како и да е. Еве играте со ВМРО, играте со СДСМ и имам многу искрено прашање до вас, сигурно е огромен притисокот ако сакате нешто да му удоволите на ВМРО, па на СДСМ не му одговара, ако сакате нешто на СДСМ да му удоволите, па на ВМРО не му одговара. Прашањето ми е Нели ви е ментално многу тешко, нели сте исцрпен и кога ќе се откажите. Фала.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам советниче и за прашањето и за размислувањата кои што иделошки сме различни, Тоа е ете компетентно да бидиме различни, не може да бидиме сите исти. Јас познавам и семејства каде што се иделошки различни, ама се сепак браќа и сестри Македонци, заедно живеат и тоа не треба да биде причина за дали сакаш некој да те ставе во збор и секогаш да биде негативно. Таман работа. Мислам не е убаво тоа. Не е така. Еве јас пак ќе ти кажам дека ти си позитивен човек и позитивен лик, без разлика што си од Левица на пример. Нема врска. Во делот на она што сакате да го добиете како одговор дали притисоците и од Вмро и од СДСМ се издржливи или неиздржливи, се многу минијатурни. Мојот капацитет ментален и психофизички е за поголеми рамки. Ова тука што го гледам сега денеска и партиски и општински ограноци и било што, такви минијатурни притисоци, минијатурни барања што не ме тангират, како да ти кажам, не ментално, ни психички не ме чепкат. Така да не да го издржам, уште 100 години можам вака да терам и откажување страната на шкорпијата, а поготово на ВМРО ДПМНЕ откажување не постојат. Зошто не постојат откажувања. Откажувања постојат само доколку народот е тој кој што може да ти пресуде и да ти каже доста ти е, дотука ти е . Само еден прмер ќе ти кажам и не е прикаска, него е реална вистина. Пред 4 месеци во Градскиот парк бев по повод нешто во Винскиот Музеј, тија лулашките што ги правевме таму, па моторичкиот парк, па паркот за кучиња, многу изнаправивме, реков да прошетам, да видам и едни баба и дедо, се разминувам со нив, отпосле ме приметија и викат Граљдоначалниче ти ли си. Јас сум. Де да те прашаме нешто. Се свртив, дојдов, ги поздравив луѓето и викат Јас вика тој дедото, возрасен човек, сакам лично да тги се извинам. Вака го гледам, што ми згрешил човекот да ми се извине лично. Вика ние сме тија и тија и сме од таа и таа партија, веројатно од СДСМ рекоа разбираш, Многу ни е криво што не гласавме за тебе. И тоа која енергија ја дава Круме. Енергијата ја влечиш од народот, не ја влечиш од политичарите и од политичките партии. Значи тоа е благодетот на еден политичар кога ќе стигне да од спротивниот табор добие позитивна критика отпосле и тоа од возрасен човек, над 70 години. Тука е благодетот. Така да се што сум ветил и сум кажал, јас ќе се потрудам максимално заедно со моите сопартијци, со целиот тим кој што го имаме туак, расположливи ресурси на Општината, со ЈП-ја, па и со подршка и на Владата и на агенции и на ЈП-ја преку Влада, сегде ќе одиме ќе плачиме, ќе кукаме, ќе лелекаме утре и вие како

Левица ако бидете дел од некоја Влада, а и ти ако бидеш некој Министер и кај тебе ќе дојдам како Градоначалник, ќе ти барам тоа што е во интерес на граѓаните, така да откажувaње такво нешто не постое кај нас , не постое откажување. Ние се додека правиме позитивни работи за граѓаните и додека граѓаните позитивно се осеќат ќе работиме во интерес на граѓаните. Во делот на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ не сакам да ги пофалам, меѓутоа тоа се сепак едни институции за мене. ВМРО ДПМНЕ е најголема партија во Р. Македонија. СДСМ исто така е голема партија, која што од 90-та година, па наваки ја градат ваа држава до каде што стигнавме денеска. И дали е убаво илио неубаво ќе каже народот на следните избори. Вие како партија која пред 3 години, кога сте создадени, 4. 2016 гледаш не ја пратам многу таа политика и од 2016-та наваки имате сепак некопи резултати и придонеси направено за општеството и за граѓаните, поготово ти како советник тука, многу имаш придонесено стварно, сериозно. И јас и ти кога и да рфазговараме надвор од камера, размислуваш само во интерес на граѓаните. Никогаш не си бил против граѓаните. И сега пак и ова не ти чине сега. Не си ми побарал ништо, како ќе бараш. Ќе си кажам искрено. Дали е СДСМ или ВМРО или било кој, не барат вработувања луѓето веќе. А бе искрено ти кажувам. Значи многу е минијатурен тој дел. Само јас би препорачал во политичките партии кадровските комисии да се укинат, да не постое тоа. Да не постое. Да унапредува успешниот, да напредува тој што заслужува, еве како денеска што го имавме Мајкл Георгиевски ми се чине, дете шампион кое што отиде во САД да студира на еден од најпризнаетите универзитети, стипендист нивен да биде. Знаеш што го задолжив Мајкл. Кога ќе ја направе првата милјарда евра, да даде 10 000 000 на Општината донација кога ќе дојде. Ништо повеќе не го задолжив. Така да тоа е гордоста на Кавадарци, да успееме да изградиме такви момци, деца. Јас се гордеам со тоа дете максимално како Градоначалник, пошто сум од Кавадарци. Без разлика што не е мое биолошко дете, меѓутоа е наш сограѓанин и дете кое што во наше време постигнал светски резултати невидени. Е тука треба да се бориме и да се надмудруваме и мислам дека ќе успееме заеднички. Инаку Кавадарци како град и економски и по делот на вработувањата и по делот на минималната плата и по делот на нето просечна плата и по квалитет на живот во образование, во градинки, во спорт, во сместувачки капацитети, во туризам, во секоја гледна точка оде само напред, напред и напред. Е сега уште потешко од тоа кога си горе да се одржиш. Е тука е најтешкото, а јас ќе се потрудам да не падниме, да го одржиме ова ниво, да биде минималното ниво на нашиот стандард на граѓаните и да допринесиме тоа што го немаме во Кавадарци да го овозможиме да го има за нашите деца тука да бидат среќни, весели и да може секоја дејност да се остварува од Град Кавадарци. Има многу хендикепирани градови за жал во Р. Македонија кои што некогаш биле на високо ниво, а сега се на многу ниско ниво. Мислам дека нема да с е доведиме да

бидиме во таква ситуација, а верувам дека во оваа сала никој таква желба нема Кавадарци да се спуште еден чекор назад, абе ни милиметар, ни сантим. Нагоре треба да оде.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Јас ќе ве замолам советничките прашања да ги практизираме однапред да ги знаеме за нареден пат. Да овој пат бевме удостоени од Градоначалникот да имаме советнички прашања. Значи подобро е да знаеме.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Секое прашање кое што е поврзано со работењето на Градоначалникот и Општината не мора да го знаеме однапре и не мора да го договараме, со моја присутност тука може да се поставе на било која седница да бидат советничките прашања секогаш потреба, некогаш и интервентно, некогаш и вака некој да предложе. Ако има некои прашања покомплексни кои не се во моментот ни за мене, ќе ги одговориме утредента. Се што е во интерес на Општината и работењето на Општината ако не го знам прашањето треба да го паднам испитот, таман работа. Нема шанси.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во правец пред седница да знаеме дека ќе има советнички прашања. Во тој правец. Во ред не е проблем.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник сакам да ве прашам, директно нема да може да одговорите, ама за наредна седница или за понаредна се надевам ќе се потрудите да дадете такви податоци, ако ви дадат институциите, оти од таму треба да се извадат . И претходно го прашував Градоначалникот, му беше тешко. Институцијата Општината у некои 100 вработувања или 90, 110 колку се го барав и од претходниот Градоначалник колку се со бугарски пасош Бугари, колку се македонци, Роми. Како информација сакам да знам ради тоа што овие малцинства викат не сме застапени во институции, вака, така, а да знаеме штом има двојно државјанство, а таму каде се зима двојно државјанство обично бугарско, по основ на нешто не можел да каже дека е Бугарин и сега во оваа демократија нашол начин во Бугарија да каже дека е Бугарин, му дале бугарски пасош и тија е веќе Бугарин и не е спорно тоа. Нормална работа е така Градоначалник. И сега ние да знаеме која бројка колку е. Колку се Бугари, колку се Срби, Хрвати, Роми да видиме дали сме застапени во Општината. Стручно да, верувам во администрацијата е стручна, исполнителна, обврските си ги тера. Не е спорно за мене дали се 100 или 150, битно да има ефект. Не е проблем во 20, 30 вработувања, буџетот ги носе. Значи да не гледаме дека бројката е голема, не е ич проблем.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван советник Сакалиев значи по однос на прашањето што го поставивте Општина Кавадарци во делот на тоа колку се Македонци и други во Општина Кавадарци се имат произнесено двајца Роми и еден во други. Значи не спаѓа во Бошњаци, Роми, Власи, Срби, Турци, Албанци, Македонци затоа што тоа ни е во условот е се ставил дека е нешто друго, може и вонземјанец, не знаеме. Затоа имаше

попис сега пред неполна година и секој се попиша и се произнеси според националноста и според тоа што беше декларирано со пописот. Значи двајца Роми и еден под други. Тоа ни е состојбата во тековната година и во делот на вработените.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник вака. Значи не викаме како ќе се произнесе. Ние бараме од институциите да ги видиме, во МВР има пасоши име и презиме и дали има бугарски пасош. Ние бараме друга работа. Вака ако не може Градоначалникот, како бившиот Градоначалник ќе рече не можам и готово. Ние не викаме како се произнесиле. Јас можам да се произнесам како се осеќам. Ние викаме колку од овие во Општината 100 луѓе, 200, колку имат двојно државјанство бугарско.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Советниче заштита на лични податоци е демократско право и тоа е со закон направено. Тоа не дека ти сакаш да добиеш или некој друг. Националната припадност е сосема лична работа. Значи тоа е со закон заштитено. Ти не можиш да го бараш нешто што објективно никој нема да ти го даде.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Во врска со поплавите што се случија пред неколку дена, колку влијаеа промената на атмосферската канализација, тие цевки што се променија. Дали на тие улици имавме товар нешто, притисок и имам една видео снимка од пред Централна Кооперативна Банка, не дента кога имаше силен дожд, туку неколку дена пред тоа, затоа што минатите десетина дена имавме дождеви. На колку места се ставени тие решетките за да ја прибират водата, оти таа е стварно стрмна улица и има поројни дождови. Дали не треба сега додека се граде да се ставе уште некоја решетка за да може да нема толку голем притисок на таа улица. Тоа е едното прашање. Дали се планира ново сообраќајно решение од Југо Комерц, кај Градската Капела за тоа како кружен ток, приклучокот што е. Тука имаме стварно притисок на возила, ризично е и на верските празници дали има можност тие 50-100м. што се од паркингот кај Градските Гробишта, па надолу накај Јано, тија дел или да се проширe или да се ставе некои семафори со црвено и зелено светло, да се знае кога минат од горе, има постојано, тоа се случува на пр. еднаш или двапати во месецот или во годината 5, 6 пати се случува, ама да се реше тија дел. Граѓаните прашуваат за крпењето на патот за Чемерско и за Бојанчиште, веќе одамна е тоа експлоатирано прашање, дали се планира на наредниот Совет да се ставе точка на дневен ред за заклучокот и инцијативата што ја донесиме на претходниот Совет во врска со ЈП Паркинзи, каде што се договаравме да они испаднат со одлука на Управен Одбор за блокаторите и за кревањето со пајак и во врска со, тоа сакав да го дискутирам, да го поставам како прашање, веќе зборувавме за данокот на имот за земјоделско земјиште, нека се, го кажавме тоа, за наредниот Совет ако има можност да се најде и решение, да испадните со решение за тие земјоделци, кои што зимат субвенции, одгледуват некои насади, најчесто лозов насад, а ни треба да му наплаќаме данок на имот, што стварно

се револтирани и треба да имаме доблест како Совет ни и ви како Градоначалник и да донесиме некоја одлука. И ако се увиде дека сме згрешиле, треба да имаме доблест да речиме Извини. Секој ќе ни просте ако сме храбри и си признаеме дека некаде имаме пропуст направено.
ГРАДОНАЧАЛНИК: 6 прашања советниче колку што ги запишав. Ќе почнам од последното. Данокот на имот го дискутиравме, кажавме за наредната одлука на Совет дека ќе ги сумираме, ќе ги видиме по КП бројки, по површина, па се. Не сме згрешиле што се ставени во данокот на имот, само може да бидиме поблаги затоа што сеуште не е отпочната таму урбанизацијата, инаку по закон треба да му се наплате. Е сега ќе бараме начин ние со службите заедно да тие се ослободат на некој начин. Во делот на Паркиралишта сакаа и на овој Совет да стигнат да ставатсе, не сакав да избрзат. Сакам да ги прегледам документите лично, пред да одат на Управен, Надзорен Одбор. Тоа што го дискутиравме за канците за сабота работното време, за ред други работи сето да го исцелокупат да го стават на наредната седница на Совет, го имате сигурно. Патот Чемерско го имате сигурно од понеделник. Овој понеделник почнуват да крпат, градската површина ја завршија и продолжуваат накај Бојанчиште. Чемерско ми се чине околу 300 м2, Бојанчиште некаде околу 155 м2. Најоштетениот дел да го позакрпат додека не испаднат проектите и другите работи, а за верските празници нашите Градски гробишта како христијански нели претежно град настроен се многу посетени, поготово еве како за Духовден, Велигден и други ударни празници. Сами занете дека таму направивме пред 3 години уште еден паркинг, кој што е многу експлоатиран, долниот паркинг и сите и ова тесно грло што го кажувате, да, тесно е грлото, сме го размислувале, урбанистички немаме можност да го прошириме, ни требат уште 2м. да го прошириме за да соодветно се разминуваат возилата, меѓутоа јас како Градоначалник си земам за обврска да ги викнам сопствениците на тие парцели кои што гравитираат веднаш до патот да разговараме дали на некаков начин, било каков начин би ни отстапиле 2м. да ја прошириме улицата, а за тоа да добијат надомест, инаку правно, урбанистички немаме услови, некој ако има слух од нивна страна и не им пречи ова нарушување на нивната градежна парцела да најдиме заеднички јазик, да го решиме тоа. Во делот со патот Југо Комерц накај Капелата и самиот триаголник накај Ресавска сообраќајното решение и по ГУП и по ДУП е токму такво какво што е во планови и не можеме да го смениме во кружен тек, а и нивелацијата на теренот е со 30%, нема шанси да испадне кружен тек, ќе испадне подвожњак во еден дел, така да не можиме. Тука имаме проект кој што со нареден ребаланс или за наредната година ќе направиме трета лента. Третата лента ќе биде токму од после Капелата, на средина што е уште право се до завитокот со кривина до порталот Добредојдовте Кавадарци. Со третата лента ќе се ослободе доста од регионалниот пат кој што движат транзитно низ Кавадарци и прегледноста би се

зголемила малку на повисоко ниво од тоа што го имаме ние како проект сообраќајно изработено и одобрен сообраќаен проект од МВР за да се реализира и ќе го реализираме тоа. Во делот на она што го нарекуваме поплави или што го нарекуваме невреме, елементарна непогода како сакаш кажи го, како сакаш речи го, јас не да се потенцирам него во петокот, саботата и неделата бев активен и сабајле и поручек и навечер и за време на дождот и за време на поплавите со тим повеќе од 20-тина луѓе кои што ги согледувавме, ги гледавме сите работи. Се случија 3 работи кои што ќе ги надминиме во иднина и кои што се хронични. Значи прво ќе почнам од Ваташа. Над Ромите во Ваташа целата вода која што доаѓа до новиот мост што го изградивме во множина и што се сликаме, водата што доаѓа од регионалниот пат целата влегува во с. Ваташа, поготово тука кај мостот и ги поплавува претежно десните куќи од влезот накај Ваташа. Увидовме на лице место. Од времето кога се градела реката и регионалниот пат има пропуст, не пропуст класичен, него пропуст за вода. Има шахта со ригола направена по п.с. Ф-3000 , значи човек буквално оде внатре и има таложник и има одвод, меѓутоа таа шахта е нефункционална, зборев со Македонија Пат, не очекувам од нив ништо , е буквално 100% запушена од талог на земја, трава и сите работи. Ќе ја прочистиме таа цевка, ќе направиме проект за да го добетонираме уште 10м. пред самиот влез на шахтата и риголите по угорницата од Ромите нагоре лево и десно ќе ги направиме за водата да ја фане токму оваа цевка и нема од каде да дојде вода таму и да поплаве пак следен пат или било некои наноси од глина, земја, чакал кои што го запушуват шахтите, да ставиш и каква и да е решетка кога вода доаѓа со чакал и со глина за 5 мин. ја запушува и после тоа водата не влегува во самата атмосферска канализација. 7 Септември атмосферска канализација не е од 7-ми Септември него од Југо Комерц, Вишешница, Мито Хаџи Василев Јасмин, па со 7-ми Септември. Таму нема никаков класичен пропуст, решетките се ставени на одредено растојание со можноста за примање на самата атмосферска канализација, направена врз основа на 40 години истражување. Значи така ги прават проектите оние хидраши и другите што ги работат и тука единствена опасност имаме од лисна маса, хартија, картони, да се наталоже врз самата решетка и да не прима решетката вода. Ќе треба хигиената тука да биде на нај, највисоко ниво, да нема такви остатоци од хартија, лисја и други работи, да не ги запушуваат сливниците и решетките. Ние и на 5м. да ставиме решетки, ако одозгора само застане хартија лист или листови од дрвја или било што нема да влегува во цевката вода, така да цевката не се наполни ни 60% од нејзиниот капацитет на главната цевка, така да има тука доволно одвод, таму имаше проблем со колекторскиот систем, покрај тоа што го изградивме новиот на Димката Ангелов Габерот и на 7-ми Септември истиот колекторски систем ни врати назад од Новата Болница до Видео Смилевски и од Видео Смилевски до Јаворот. Што се случи.

Видовте можеби и на снимките кои што ги даде и телевизијата и сите, значи дојде до класично зачепување на колекторскиот систем и тоа се отстрани после 2 дена работа, да го најдиме каде е тој проблем. Испадна корен од дрво поголем од 2 м. а со обем од метро, буквално зачепен колекторскиот систем. Изваден е коренот, очистен е колекторскиот систем и досега ниту Комуналец, ниту јас, а верувам незнам дали некој знае затоа што тој колекторски систем кај Северен Булевар до Болницата од потег само од 100м. е граден пред 2000-та година, 99-та, 98-ма пред да се направе и мостот на Северен Булевар и ние до таму носиме цевка Ф-800 од таму наредната шахта, кај што е Болницата носиме Ф-1000 до Марена, а тука цело време се констатира и се мисле и се уговара дека е цевката Ф-800, за сега да утврдиме при ова невреме и при зачепување на колекторот дека е таму бетонска цевка како слепо црево останата Ф-400 од 86м. Ќе се смене таа цевка сега со Ф-800, значи џабе сме го имале колекторот толку време кога не знаеме инфраструктурно што има од 2000-та година ставено. Ќе се смене таа бетонска цевка со пластична, работат во моментот на колекторот таму и нема да прекинат додека тоа не го завршиме комплетно. Значи тие работи кои ги согледавме од последното невреме или од последното пообилно врнежи, наносување на вода. Јас тоа го кажав и на телевизија. Ние не се поплавуваме самите од себе, ние се поплавуваме од поројни дождови преку регионални улици, удолници, долови кај што стигаат до нас. Со решавањето на овие две работи и со решавањето на Пано Џунев ми се чине дека беше улицата бетонска, пред Ваташкото школо, горе мора да правиме во идно време. Со решавањето на овие работи градот нема да има проблем во делот на изливањето на атмосферската и канализационата мрежа. Единствено во погусто населените места мислам на индивидуални домувања ќе треба понатаки да превземиме мерка да ги опомениме сите граѓани кои што ги имат ставено своите буки, олуци од куќите во канализационата мрежа да ги извадат и да тече тоа на улица или ако има атмосферска, да ги вклучиме во атмосферската канализација. Најголемиот проблем го правиме тука. Значи самите олуци ги ставаме во канализационата мрежа, а канализационата мрежа и фекалниот колектор е дизајниран за 120 000 жители, ама не е за атмосферска вода и тука ни се ствара најголемиот проблем и мислам дека тоа ќе го решиме во делот на функционирањето на атмосферската канализација. Во моментот се праве атмосферска од ЈП Комуналец на Киро Спанџов Брко, заедно со Миле Вчков, со Ило Костов, Страшо Пинџур се опфати цела населба со атмосферска канализација и водовод, улица Личка се работи, Лазо Асијата веќе се постави и цела Клинска, немаме напад на вода од таа страна, на Клинска имаме идеален таложник кај што ја фаќа цела вода. Мислам дека 95% сме во ред. И сами гледате дека градот не беше толку наносен од земја и сите работи, освен овие ударни места кои што ги согледавме и два дена се правеше анализа со стручни лица како тоа да го решиме.

Нема да го решиме преку ноќ. До крајот на годината сигурно ќе го решиме. После ни остануваат тековно да ги решаваме одржувањето на атмосферската и канализационата мрежа, чистење редовно, перење редовно, канализацијата редовно да се прочистува и тоа е тоа што треба ние редовно да работиме, а како се шире градот, така се шире и мрежата. Она што сакав само да потенцирам една работа кога сме веќе кај канализацијата и кај ЈП Комуналец вие се што зборувате на Совет мене не ми влегува од ова уво тука да ми испадне. Што вика Круме дали си изморен и ментално значи дали ќе издржиш. Ќе издржам. Се што зборувате на Совет јас после тоа си го анализирам, а двапати да го повторите истото на Совет поготово Ристо Сакалиев ако испадне тоа има нешто. И с ега зборувате намален обем на фактурирање на вода, намалено фактурирање на вода, намален обем на фактурирање на вода . Извадив анализа комплетна од 2015 до 2022 кај физичките лица имаме 300 000 литра или 300м3 годишно намалено точно е. Што направивме овие две недели. 17 луѓе од Општината, од овие вработените административци тука ги спуштивме на терен, 10 дена од 7 -15 часот работеа заедно со инкасантите на Комуналец. Прво ги согледавме сите броила во каква состојба се. Второ дали отчитаноста на броилата е точна и дали соодејствува со белешката, да не има манипулација со самите инкасанти и трето дали има диви приклучоци или двојни броила. Утврдени се и трите работи, има пропусти и од дел кај инкасанти кои што се многу минијатурни, има пропусти во делот на броила кои што се стари повеќе од 15, 20 години и се делумно нефункционални. Што значи тоа. Поминува 10л. вода, а он кажува 6 . Зошто. Затоа што броилото е старо, наталожено од бигор, од кал и други работи и послабиот притисок и послабиот проток не го мере доволно, едно броило има гаранција 5 години, тоа го знаете сами. Трето увиден е пропуст кај што на наредна седница на Совет ќе му донесиме Првилник на Комуналец. Досега на барање на имател на броило за вода, они само со барањето му го ставаат броилото во мирување, ќе одам јас во Германија ќе живеам, не живеам тука веќе го стават во мирување и тоа броило толку не се чита. Ќе донесиме Правилник. Ако сака некој да си го ставе броилото во мирување ќе си поднесе во ЈП Комуналец документ, барање. ЈП Комуналец ќе изработе тарифник, ќе испаднат две лица соодветни стручни на терен, ќе го исклучат броилото од вода, ќе му стават пломба , затоа ќе си наплатат симболично 300, 400,500 денара такво нешто. Кога ќе сака пак да го ставе во функција броилото, пак ќе си поднесе барање, пак ќе си испадне Комуналец да ја скине пломбата и ќе го ставе во функција броилото. Се разбираме. А сега само со барање стави го броилото во функција, ставено во функција толку. Значи има злоупотреби во тој дел. Има. Не е клучното тука . Клучното е во тоа што од 2015 немаме ниедно броило сменето. За жал законот во државата броилото за вода е сопственост на корисникот, што е според мене нелогично. По мене треба да е на ЈП Комуналец да

е сопственик како што ЕВН е сопственик на броилото . Е сега во нашиот закон вика На броилото е сопственик корисникот. Сега ние кога ќе требе, а ќе требе над 3000 броила кои се стари повеќе од 10, 15 ,20 години и немат веќе методологија на баждарење тие броила пошто се застарени, нема делови за нив, нема ништо, буквално се исфрлени од употреба кога ќе треба да му наложиме на г-динот клиент наш така, да го смене броилото и кога ќе му кажиме плати и 4000 денара и еве ти го Вуко одма . Што правиш ти. Грабеж. Така. Е тука сега што ќе правиме. Јас ќе донесам заклучок, ќе донесиме анализа, ќе испадне дека 2000 броила треба потхитно да се сменат , ама јас не сум еве лично не сум да биде на терет на граѓаните, ама во законот стое дека е сопственик граѓанинот . Јас сум да ЈП Комуналец и Општината ги плате тија 2000 броила, ама законски не можеме да се покриеме, дали да му го дадеме донација, дали да му го дадиме на друг начин броилото. Значи тука ќе бараме измена ат хом, што е Здружението на јавни претпријатија за водоснабдување и преку ЗЕЛС да се смене нешто затоа што по мене мислам дека одржувањето и броилото треба да е на ЈП. Како сега јас ти продавам брашно, а вагата твоја, а ти мериш, а јас фактурирам. Мислам нема логика во таа цела ситуација. Така да Општина Кавадарци и ЈП се спремни да инвестираат во броила, само да го најдиме законскиот начин и регулатива како да биде тоа и да ги смениме критериумите за да броилото биде на наш трошок и биде наша сопственост, али тоа сигурно дека не може прекуноќ да го напарвиме. И трето уште ова да ви кажам дека за два дена бевме на колекторот на Северен Булевар , за два дена се погоди петок и сабота, можеби и ударно беше петок и сабота 124 трактори си наполнија вода за заштита на лозови насади, односно на прскалиците од бунарот кој што го напарвивме пред 3 години. Тоа не е заштеда на вода. Значи тој што ќе полне дома вода 1000л., 1м3, една прскалица ќе наполне таму без пари му е, чиста е водата, индустриска е , не е за пиење, значи бунарот го користат , многу го користат и тоа е еден благодет кој што Општина Кавадарци го има и мислам дека тука имаме доста заштеда на вода.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Само на кратко за атмосферската канализација. Градот ни е раскопан и тоа не е добро и граѓаните се вознемирени,до кога, секоја улица ја раскопаа и јас ги тешам демек тоа е стратешка инвестиција, тоа е многу важно за градот и нив ги интересира дали во иднина ќе има поплави. Тоа ми беше целта . Дали има резултат од тие улици кај што е семенета веќе атмосферската канализација. Тоа ми беше зборот. И само уште ова. За тесното грло кај гробиштата викате ќе се побара да се дооткупат тие две метра. Ако не ни дадат или ако е многу скапо, зошто не се оде со решение за неделините од 8-12 и на верските празници со семафор да се решава. Тоа ми е.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Можеме да правиме алтернативно, јас зборував за трајно решение да направиме, да се проширe тоа и мирна глава. Али ако не успееме, а мислам дека ќе успееме. Се што е добронамерно и

не е лично, јас мислам дека ќе успееме. По однос на прашањето еве сакам конкретно да ти одговорам. Ниеден Градоначалник не се нафаќа ова што се нафанавме ние да го работиме. 2 500 000 евра да ги ставиш под земја, инфраструктура, атмосферска канализација, комплетно раскопување со километри централно и цело градско подрачје. Зошто. Затоа што е неблагодарна работа. Еве од овој момент е неблагодарна работа така. Се раскопа, машината не изеди, се касне, се доцне, ама ние се нафанавме, оти му реков на Круме јаки сме, можеме, ќе издржиме. Воа ќе го заборават граѓаните, а благодетот ќе го имат трајно. Нема да се поплавуват граѓаните, нема да имат миризба од канализацијата, како што имаа на Мито Хаџи Василев и ред други локации . И кога ќе завршиме. До средина на јули. До 20 јули ќе биде се асфалтирано, се завршено. Што е тоа се. Киро Спанџов со Ило Костов, Булевар Македонија, Цветан Димов, улица Слога, ул. Максим Горки, Димката Ангелов Габерот . Пола Кавадарци. Асфалтните бази кога ќе запалат, нема да изгасат, само да не биде вака невремето како што знае да направе. И Домовица не ти ја спомнав. И Личка не ти ја спомнав. И Лазо Асијата крајче. Многу има разбираш. Ќе ги завршиме сите, се ќе асфалтираме. До 20 јули завршуваме. Август одиме 10 дена на одмор, не повеќе, се враќаме, се спремаме за Гроздоберот, капиталните проекти почињат, Домот, базенот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Вака почитувани советници. Само на кратко. Значи господа ајде да резимираме Ристе, Горан, Вуко и Перо и тука завршуваме.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник советничкот прашање што го поставив не си го разбрал добро и минатиот пат кога беше лут ти дадов задача и таа задача е голема, цела година ќе работиш, Комуналец ќе работе и сега ти го прифаќаш тоа и позитивно е тоа. Целта ми е да те извлечам од партиите, да те турам независен, ќе останиш пак Градоначалник. Тоа ми е целта, оти веќе среќа немаш, во друга партија не те сакат. Овоа што го зборев за вода, ќе ти помогнам водата ја знаеш и ти и јас, ќе ставиме саат на преливот, таа што е во прелив вода ќе видиме колку е и треба да се потрудиме преливот што оде во реката да ја фрламе вода донесена од Лукар филтер со водоводот, 40 км ние ја носиме до градот и викаме ова е прелив и ја фрламе во реката и е штета. Зошто преливот да оде во реката, а нас ни излегува дека од 8 000 000 кубика, 7,5 колку што дава Лукар и уште милион кубика купуваме, од 8,5 кубика ние фактурираме 2, Росоман и Неготино 3 и нас 5 милиона ни бегат во прелив, или ни ја краде водата. Што да правиме. Ќе најдиме решение . Преливот ќе го регулираш со саат да видиме колку е , ќе го мериме една година, 5 месеци, 6 колку треба и после ќе бараме начин преливот како да го туриме во функција да го искористиме, да не оде во зијан. Таа вода е прилив нели. Друго ми е работата. Инкасантите да ги потерат, ги потеравте вие со Комуналец, преку инкасантите се најдуваат грешки и тоа е ок. Тие се мали грешки. Голема количина на вода фале. Ако поработиме повеќе време

ќе најдиме дел од водата. Сета вода нема да ја најдиме. Што ми е целта Градоначалник. И претходниот пат кога те закачив за Комуналец беше попарен. Прашањето што го поставив ти ми викаш воа значи не ми го прифаќаш прашањето. Само како информација барам јас, не мора да ми дадеш. Колку од администрацијата се со двојно државјанство. СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Прашање до Градоначалникот. Стриктно знаеме дека во цел град се изградија нови детски реквизити или познати како лулашки нели, што ги викаме. Значи прашањето ми е значи претходните, на одредени места имаше веќе постоечки, нели сега се 20-тина, 25 ако беа се обновија. Со претходните лулашки што се прави, бидејќи знам има одредени населени места и села каде што луѓето си бараат, стриктно знам дека и во Долна Бошава баш исконтактираа со мене. Значи луѓето побараа дали од претходните лулашки што биле сменети може на одредено место, нели јавна површина државна, може таму да се постават, исто така имаме и во неколку други места. Знам дека имаше во Задругар. Конкретно прашањето ќе биде дали може тие да се искористат на одредени места каде што не се опфатени сега со новите лулашки. Исто така од Урбаната Заедница Кула јас од каде што потекнувам стриктно за улицата Зелен Пазар од скаличките што е направено до Дуко продавницата, тоа е како моментално да не го нарекувам, како црна точка, значи луѓето реагираат каде што од долниот кат на Паркинг гаражата се качуваат на горната улица или преминуваат дека е многу опасно. Дали може таму да се постави како зебра и како лежечки полицаец, значи да не би се случиле несакани последици, а исто така на таа улица каде што од Зелен Пазар каде се оде спрема Старото Музичко, од долната страна, значи од кај што е кафенето Бисер, нели таму знаеме дека и тротоар нема, дали таму исто може да се постави лежечки полицаец и пак препрека и сепак со знаци каде што не би се случила некоја незгода. И таму реагираат луѓето каде што сега со Зелен Пазар луѓето кои што сакаат да пробијат на Партизанска или тој дел мислам Партизанска улица е непрегледна, дали со лежечки полицаец од долната улица би се попречило движењето во тој правец и дали би можело да се поставе и трето прашање ми е во делот како се планира во делот на Западен Булевар, таму нешто се предвидуваше кај Макпетрол или кај што завршуваа четирите ленти кружни текови. Како е предвидено за да се решава тој дел. Тоа беше.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи во делот на старите реквизити, коишто ги вадевме и додававме нови се комплетно репарирани и веќе се вклопени како реквизити, нема слободни реквизити. Значи се направи добар план да се дел вклопат, дел нови и така се направија тие 25 нови детски игралишта, меѓутоа како инцијатива за детско игралиште кај што вие предлагате да се ставе или кај има потреба по селата јас отворен сум за таа работа да ги предвидиме и да ги направиме како нови проекти и да ги доградиме кај што има потреба да се стават. Тоа нема крај.

Секогаш ќе има плус и плус потреба, али таму каде што е најнеминовно, кај што има повеќе деца што гравитираат да дајте предлог и да ги ставиме дали во нареден ребаланс, дали во буџет или било како да ги изградиме. И тука една замолница имам до сите граѓани, поготово за родителите, имаме многу оштетувања на детските игралишта. Значи вакви детски игралишта како што наместивме мислам дека ретко кај има, а поготово на Клинска, на Киро Спанџов и на Браќа Џунови се комплетно оштетени. Значи извадени подлоги, извадени дрвца, исечени метални конструкции. Мислам дека треба да обрниме повеќе внимание и поголема свест кон урбаната опрема и јавниот интерес на Општината пред се тоа е на најмилите и на граѓаните. Така да тоа е само една моја сугестија, а во делот на сите оние други што ги кажувате слободно ставете ги, ќе ги ставиме во Програма да ги видиме каде што е предвидено, како е предвидено да се направе. Во делот Западен Булевар со Северен, кај Макпетрол таму се работе сега урбанистичка планска документација, со реконструкцијата и реновирањето на самта пумпа Макпетрол, ќе биде дислоцирана со 21 метар полево, меѓутоа треба добра волја и од Макпетрол, затоа што треба да му ја нарушиме дел од градежната парцела, а им овозможиме соодветен пристап од двете страни за да изградиме кружен тек. Јас не отстапувам од тоа, ќе бидам упорен, заедно со менаџментот на Макпетрол, пошто он ни е клучен како партнер кој што треба да ни даде дозвола за да влезиме Вон опфатот за да го направиме кружниот тек, затоа што е лоша раскрсница, се случуваат многу собраќајки, така да забелешката е на место, а она другото си го запишавме што го кажавте за зебри, за тие работи, мислам дека уште наредниот ден со нашите претпоставени ќе го пренесиме за да безбедноста ја дигниме на повисоко ниво и да сепак биде во интерес на граѓаните.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас имам две прашања. Во однос на атмосферската канализација и во однос на поројните дождови кои што ги имаме. Ние имавме слична ситуација и минатата година и се надевам дека оваа година ќе не поштедат временските услови, бидејќи состојбата и покриеноста на градот од аспект на атмосферска канализација гледаме дека тука Општината стои слабо. При секој пореоен дожд, ние имаме одредени поплави и тоа нанесува да кажам штета на одредени граѓани. Прашањето ми е дали тие граѓани кои што се оштетени, кои што имаат земјоделски површини да кажам на Северен Булевар, дали мовие кои што имаат оштетувања на домовите ќе бидат обештетени од страна на Општината за нивната штета. Второ прашање кое што сакам да му го поставам на Градоначалникот оваа фората јас вторпат ја слушам Градоначалник со бабата и дедото кои што ве

сретнале. Ја кажа пред година и пол. И јас веќе почнувам да се сомневам дали и воопшто постоело таков настан. Тоа ви е добра пијар. Јас се сомневам дека воопшто и таков настан се случило, меѓутоа тука од пијарот ви го кажале за на некој начин покажите дека еве сите се за вас. Нема врска. И сами си ја гледате подршката Градоначалник дека ви паѓа . Сами си ги гледате коментарите од страна на граѓаните, сами си ја видите и трибината колку ви беше посетена, така да од тија аспект нема да навлезам. Значи Градоначалник ве гледам пред 2, 3 недели доаѓа еден партиски функционер, па пак ви доаѓа лидерот, застанати од една страна пратеник, од друга страна ти и лидерот вика Хунта режим. Централната власт ги мразе градоначалниците, не инвестира ништо, па нема ништо инвестирано во Општина Кавадарци. Баш ми е криво што не сте успеале да го прошетате малце низ Кавадарци, да му ги кажете сите капитални проекти изградени од централната власт Градоначалник. Зошто не го земавте да го изнесите и да го прошетате и да му кажете Лидере еве централна власт направи детска градинка овде во Општина Кавадарци, да го однесите на мостот во Ваташа, да го прошетате по влезовите на градот, да го однесите во Спортската Сала у Страшо Пинџур. Се ќе ми одговориш. Се. Еве на оваа седница само викате не инвестира, не инвестира централната власт, а спомнувате два проекти и трет кои што се од страна на централната власт, кои се клучни, капитални, пошто вие немате. Вие немате капитален проект. Вие имате улички. Го носите лидерот на една уличка, го носите на друга уличка и човекот си креира лажна перцепција дека само тоа се граде во градот. Прашањето ми е Градоначалник. Немаш ли порив да го прекиниш лидерот, да бидиш малку храбар, пошто вие сте ВМРО-вци, војводи, треба малце храброст, да го прекиниш лидерот и да го прашаш . Значи немаш ли порив да го прекиниш лидерот и да го прашаш и да му го кажиш цело овоа. Ај да резимирам прашањето ми е дали немаш порив, да испаднеш и сето ова да му го кажиш кое што е инвестиција од страна на централната власт.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Прво за бабата и дедото. Тија друг случај беше. Слични. Не е битно тоа сега. Јас би те замолиш да ги замолиш советниците да бидат конструктивни во поставувањето на прашањата. Сега пак ќе го пофалам Круме, најконструктивен беше . Советниче нашиот Претседател кога доаѓа, јас избегнувам да го однесам на проекти кои се кофинансирани или финансирани од Владата, пошто ќе ни се качите на главата. Го носам на проекти кои се само кофинасирани од Општина Кавадарци. Ете на тие двете улички. Друго ова Влада откога е конституирана во Општина Кавадарци, на чело со Ковачевски, нема направено за Кавадарци ништо. Да. Во една друга Влада на чело со

Зоран Заев се направи заедничко коофинасирање и на Западен Булевар, заедничко коофинансирање на Шишка, заедничко коофинансирање со Општината во градинката, заедничко коофинансирање во делот на експропријацијата, осветлувањето и уредувањето на мостот . Се направи. Оваа Влада сега, на чело со Ковачевски како Премиер и ти како дојден Претседател на Општинска Организација. Тоа ќе-то ќе го нема и ќе го направиме Градскиот Базен, Старечкиот Дом, Домот за деца без родители. Ова Влада во моментот нема дадено ниеден денар за Кавадарци. 2 години е на власт. Нема од што да се срамиме и да криеме. Тоа што е така е така. Кога ќе се направе сега од ваа Влада, прв ќе бидам, ќе испаднам и ќе пофалам. Према мојот Претседател на ВМРО ДПМНЕ јас како човек од дете и од семејство сум учен да почитувам хиерархија. Претседателот Мицковски многу добро знае Кавадарци кај беше, каде е сега и како е направено и не го негираме тоа, дека ние заеднички со претходната Влада, со мандаторот г-динот Зоран Заев успеавме да придонесиме многу проекти за Општина Кавадарци. Тоа е факт и имавме тука широка коалиција тука. Тоа не го негирам. Сега имаме коалиција, воздржани и против. 5+ сте против или 5- зависи како. Е сега митингот. Зошто се задеваш. Што убава трибина беше. 550 столчиња. Си седнаа луѓе. Не трчавме да ги седниме луѓето. Сами. Вика никој немаше од Кавадарци. Директно 1500 семејства ги навреди што беа сите од Кавадарци .Зошто ги вреѓате луѓето и после кај се гласачите. Значи за таа работа ќе зборуваме другпат . Како помлад човек, од мене лично помлад, јас би те советувал само на една работа. Не мора да го прифаниш советот. Дај да направиме за Кавадарци нешто сложно. Тоа ќе-то што го кажа прегеска, пак ќе го повторам, базенот, Домот за деца со посебни потреби и Старечкиот Дом . Ама се се работе 2 години, а не сме до нигде. Абе ништо ваа Влада нема сработено. Не ви текнува, ве лажат вас. Значи преку Министерството за транспорт и врски 35 000 000 евра заем преку Светска Банка и преку Министерството за финансии, од кои што Општина Кавадарци доби 1 100 000 евра и сите општини пред се реално добија според жителите е од претходната Влада, не е од оваа. Само имаше прва, втора и трета фаза на тендерирање, а инаку претходно одобрено е се . Сега ваа Влада допрва треба да одобре 50 000 000 евра за канализации. Значи од оваа Влада тоа кога ќе го дадите за Кавадарци ние ќе бидиме благодарни. Во делот на Северен Булевар , во поплавувањето на земјоделци, таму ќе си одиш во Министерството за земјоделие, П.Е. ќе ти одговорат, а за секој дом што е поплавен во Кавадарци, а нема такво нешто, нема освен 7 сантима подрумче поплавено. На претходното невреме лани не беше изградена ваа што не ја признаваш ти канализација, имавме 27 пријави за поплавени домови.

Сега има само две пријави, кај што мислам денеска излегоа на лице место и 6 подрумски простории. Малтене немаме оштетување во делот на домовите, на подрумските простории да. И второ и во Комуналец ќе си го видиш Правилникот и во Правилникот за градење во подрумските простории не е дозволено да имаш канализациона инсталација, што некои граѓани самоинцијативно ја прават канализационата инсталација во подрумот, таа одговорност е и нивна. Не се сеќаш Медиум кафиќ беше на Мито Хаџи Василев Јасмин доле во подрумот, не се сеќаш ти, еве Јован Златев, има повозрасни, таму кога излевавме вода од перење на чаши и тие работи си ја фрлаа со пумпа. Али некој си превземал ризик да направе кафиќ под нивото на канализацијата така. Так да во тој дел ние не одговараме ако има во подрумскиот дел канализација. Само од приземен, па нагоре. Мислам тоа беа прашањата советниче.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Прашањето беше дали немаш порив сето воа што го говориш на говорницата во однос на проекти јас не делам на премиер еден или друг, гледам што СДСМ овие 6 години владеење направил, бидејќи вашите аргументации, односно аргументациите на вашите гости и на вашиот лидер се дека во Кавадарци не се инвестира ништо и дека централната власт ги мрази градоначалниците на ВМРО и затоа не инвестира во општините. Дали немате порив сето овоа што го кажавте на говорницата исто да му речите Извини Претседателе на партија, не си во право, се инвестираше од централната власт. Тоа ми беше прашањето.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Го одговорив прашањето. Значи пред да дадиме изјава со Претседателот и он ми вика Митко има ли нешто од централната власт. Му викам вија две години, тапа, ништо му викам. И затоа човекот кажа дека нема инвестиции од оваа Влада, а за претходно знае он. И за мостот, знае.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Градоначалник најбитно како советник тука ми се граѓаните на Општина Кавадарци. Би поставил неколку прашања кои што ги тангираат граѓаните. Прво прашање до каде е изградбата на комплексот кој што треба да биде на поранешниот Монопол Мара Димова каде што треба да се пробие улица нели таму каде што го ослободивме и изведувачот од комуналии. Со тоа ќе се растерете малце и Ленинова, кај што ни една од поголемите тесни грла во градот и дали има опција Димката Ангелов Габерот да се регулира сообраќајот поинаку од сега што е, затоа што имаме таму две школи кои што граѓаните, и градинки имаме, најчесто прават прекршок заради тоа што доаѓајќи од Глишиќ влегуваат во еднонасочна за да го однесат детето, иначе треба да вртата голем круг. Второто прашање Домот во дреново се урна, до каде е постапката, што треба да се праве, дали ќе се почне со изградба.

Третото прашање од граѓани на ул. Блажо Алексов таму имаше демонтирана урбана опрема, клупите што му беа како за маалски дружби, дали може да се постават повторно тие две, три клупи кои што му беа таму и обнова на некои дрва кои што биле исушени или тргнати во текот на работата, незнам. И четвртто прашање е од група на граѓани за доставено барање за снабдување со вода во Месноста Овчка река во тој локалитет.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи во делот на поранешен Монопол, да рушени се објектите. Не се ослободени од комуналии инвеститорите. Значи од делумни комуналии за изградба. Да не се толкува погрешно. Тоа е компанијата ИГМ-Трејд, не е тајна. Денеска ни стигна официјалниот проект, се прават пресметки, до понеделник добиваат официјална дозвола и почнуваат веројатно во рокот законски даден за 3, 4 до 5 месеци со изградба на комплексот кој што треба да го градат, делумно и колективно домување. Димката Ангелов Габерот со нејзината реконструкција која што ја завршивме за колекторот и сега веќе е воведен во работа инвеститорот, односно изведувачот извинете за асфалтирање и нови тротоари комплетни и во исти момент е порачано и ново сообраќајно решение. Новото сообраќајно решение, сега вака ако некаде згрешам корегирај ме, ќе се соодејствува од Видео Смилевски, па се дол влезот на Пепето школото и градинката до тоа уличето слепо кое завршува до школото, до тука ќе биде двосмерно. Значи од Видео Смилевски до Пепето школото ќе биде двосмерна, продолжува едносмерна се до пред Мерлин и од тука од ваа уличка од кај Автолимарот Трајчо што излегува, од тука, па до Мерлин пак ќе биде двосмерна. Значи само во средината останува да биде едносмерна улица. Затоа што баш согледано ова дека многу граѓани имат потреба и сега знаеш за 30м. да не вртат цел круг, односно 50-тина метри и тоа собраќајно решение се работе за повеќе од два месеци , се анализира и враз основа на претходните анализи треба да ни дадат одобрение дали можеме така или не можиме и дали ќе го одобрат воопшто, али во интерес на граѓаните за да имат подобра фреквенција ние практикуваме да биде така. Домот во Дреново се руши и во Дреново беше точно и јасно кажано дека почнуваме во септември месец, најкасно септември со тендерирање на изградбата на Спортската сала и изградба на простории за потребите на МЗ.Зошто е тоа така. Ние ги распишавме сега трите спортски сали Сопот, Марена и Возарци затоа што тие спортски сали се во склоп на училиштето и сакаме да ги завршиме летниот период , да не фатиме септември месец, да нема машини, да нема механизација во самиот склоп на дворовите на училиштето, од безбедносни причини, а затоа што оваа сала е надвор од школскиот двор и ќе биде поголема од овие сали, во склоп на Домот ќе има канцеларија

за руралната или за М.З. Ќе се почне од септември и мислам дека докај март месец ќе се изграде тоа, али во меѓувреме дадов и предност во Дреново, ја распишавме пренамената и адаптацијата за градинка. Тоа веќе има добиено фирма, има изведувач , ќе се ставе таа градинка до септември во функција во Дреново. Вода за Овчка река мислам дека техничко решение според мене не постое. Треба да разговараме со хидрашите во делот на Комуналец дали воопшто можеме да однесиме вода до Овчка Река, а тоа зависи од притисоците, од горна зона, од средна зона, нивелацијата и сите работи на скада системот и дали воопшто можеме да однесиме. Ако можиме ќе однесиме, пошто и сами гледате дека имаме вишок вода и Сакалиев вика да ја искористиме. И че ја искористиме. 600 нови приклучоци во Брушани, Дабниште го приклучивме, Фариш го приклучивме , Раец приклучено, еве и воа ќе го приклучиме. Не е спрно, вишок вода кога има лесно е. Во делот на Блажо Алексов дрвцата тековна работа ќе биде пренесено, за да се санират веројатно сега нема дрвца да садиме , тоа се саде на есен, пошто и нема да се зафанат нели и тие клупи што биле оштетени, дислоцирани ќе се наместат, че се направат. Благодарам многу. Многу конструктивни прашања . Многу убаво . Благодарам за сите прашања и се гледаме на 21-ви Претседателе мислам дека имаме нареден Совет. А дотогаш Општина Кавадарци и јас како Градоначалник стоам на располагање. Повелете за било што. Не чекајте нешто да тлее, да го решиме утре.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници ви се заблагодарувам за денешната седница.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ